АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА ФОН

Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-19/1
25.05 2021 год.
СКОПЈЕ

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# БИЛТЕН

НА

Американскиот универзитет на Европа – ФОН

БРОЈ 236

Скопје, 25.05.2021

Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
СКОПЈЕ

# С О Д Р Ж И Н А:


1. Рецензија за избор на еден наставник, во сите наставно-научни звања, од областа: Граѓанско право - 50803 ........................................................................3835
2. Рецензија за избор на еден наставник, во сите наставно-научни звања, од областите: Казнено право - 50804 и Компаративно право - 50809................3844
3. Рецензија за избор на еден наставник, во сите наставно-стручни звања, Лектор по италијански јазик......................................................................................3851
4. Рецензија за избор на еден соработник во сите соработнички звања од областите: Архитектонски конструкции - 20112 и Материјали и технологија на градење - 20108........................................................................................3855
5. Рецензија за ракописот „Економско казнено право„ од авторот проф. д-р Татијана Ашталкоска Балоска........................................................................ 3860
6. Рецензија за ракописот „Еколошка криминалистика„ од авторот проф. д-р Насер Етеми........................................................................................... 3862

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО ПРАВО – 50803 НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ АУЕ - ФОН**

Врз основа на Законот за високо образование и Статутот на Американскиот Универзитет на Европа –ФОН, а во врска со објавениот конкурс за избор на наставник од научната област Граѓанско право- 50803, Наставно – научниот совет на факултетот за правни и политички науки на седницата одржана на 11.05.2021 година, определи рецезентска комисија за избор на наставник од научната област Граѓанско право -50830, во следниот состав:

1. **проф. д-р Осман Кадриу – редовен професор, претседател**
2. **проф. д-р Игор Камбовски – редовен професор, член**
3. **проф. д-р Зорица Силјановска – вонреден професор, член**

По разгледувањето на пристигнатите материјали, рецензентската комисија го поднесува следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот објавен во дневниот весник „Нова Македонија" од 07.04.2021 година, за избор на наставник од научната област Граѓанско право - 50803 во определениот рок доставена е пријава од кандидатот д-р Зинета Асани, доцент на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ –ФОН, Скопје.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И НАУЧНО – СТРУЧНАТА АКТИВНОСТ НА Д-Р ЗИНЕТА АСАНИ

Кандидатката д-р Зинета Асани е родена на 14.09.1962 година во Дебар, каде завршува основно и средно образование. Високото образование го завршува на Државниот Универзитет „Фадил Сулејмани„ во Тетово во 2007 година со просек 8,91, со што се стекнува со звањето „Дипломиран правник„.

По дипломирањето кандидатката д-р Зинета Асани, во 2007 година се запишува на постдипломските студии на Правен факултет, насока „Европско право и Европска Унија„ на Првиот Приватен Универзитет –ФОН , во Скопје. По положувањето на предвидените испити со просечна оцена 10.00, на 26.10.2009 година успешно ја брани магистерската тема под наслов ***„Хармонизација на судството на Република Македонија согласно стандардите на Европската Унија„,*** под менторство на **Проф.д-р Александар Николовски„** со што се стекнува со звање „Магистер на правни науки„ од областа „Европско право и право на ЕУ„

Во август 2011 година кандидатката д-р Зинета Асани пријавила докторска дисертација на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје со наслов **„ Заштитата на граѓанските субјективни права во Римската судска постапка"**, под менторство на **Проф.д-р Владо Бучковски**, а истото го брани на 11.03.2015, со што се стекнува со звање „Доктор на правни науки„ (граѓанска област).

Кандидатката д-р Зинета Асани од 2010 е вработена на Првиот Приватен универзитет - ФОН со избор во асистент-соработник, а денес како доцент - доктор ги извршува обврските на Факултетот за правни и политички науки на предмети и на македоснки и албански јазик од областа на граѓанското право и граѓанското процесно право и тоа: Граѓанско право (Општ дел), Стварно право, Облигационо право, Граѓанско процесно право, Трудово право, Граѓанско право (применета програма), Нотарско право, Авторско право, Оштетно право, Договорно право, Изборно право и изборни системи. Била ментор и член на комисија на многубројни дипломски, специјалистички и магистерски трудови. Од 2015 до 2020 година како Пар тајм професор предавала и во Приватните Универзитети во Косово. Од 2016 -2018 во Приватниот Универзитет „Арби „ во Гњилане, а од 2018 до 2020 година во Приватниот Универзитет „Илириа„ во Приштина, по предметите од Граѓанската област.

Во своето досегашно работење доцент д-р Зинета Асани се има профилирано како исклучително квалитетет наставник, кој освен редовната настава практикува и индивидуална работа и консултации, организира посети и практична работа во правосудните органи за студентите кои покажуваат особен интерес по предметите кои ги предава. Професионално, компететно, совесно и одговорно ги извршува сите работи поврзани со наставно- образовниот процес.

Важи и за принципиелен професор кој бара постигнување на високи академски стандарди од страна на студентите како при совладувањето на предметната материја така и при изработката на дипломските, специјалистичките и магистерските трудови.

Особена активност и професионалност кандидатката покажува и во активностите од поширок интерес. Во текот на својата досегашна кариера несебично и посветено придонесува во оспособувањето и издигнувањето на повеќе соработници на Факултетот за правни и политички науки.

## II. СТРУЧНИ И НАУЧНИ ТРУДОВИ

***1. Магистерски труд:***

**„ Хармонизација на судството на Република Македонија согласно стандардите на Европската унија"**, Прв Приватен Универзитет –ФОН, Октомври, 2009 година.

Трудот ги разгледува правните аспекти на приближувањето на решенијата на националното законодавство кон правото на Европската унија, која треба да овозможи остварување на единствен простор на слобода, безбедност и правда како и единствен пазар во кој непречено се остваруваат економските и другите функции на Унијата.

Трудот дава преглед и за реформите во правосудниот систем со осврт на судството, која реформа мора да се остварува како составен дел на добро синхронизираниот комплементарен реформски проект. Реформата е предвидена да се оствари со воспоставување институционална стабилност, подигање на капацитетите на државата во вршењето на нејзините функции од регулаторната до надзорната функција, следено со развој на економијата и на автономната цивилна сфера како и на јавната демократска контрола врз вршењето на демократските функции.

Реформите се услов за влез на РСМ во Европската унија и освен доследно спроведување на реформите друго решение нема. За Република Македонија овие реформи се во согласност со севкупните општествени реформи, кои се предмет на тековна реализација а особено во областите кои се

потцртани како владини приоритети особено во правец на создавање на ефикасно судство , кој би бил двигател на општествени промени но истовремено во склад со начелата на европскиот судски простор.

*2. Докторски труд:*

„ **Заштита на граѓанските субјективни права во римската судска постапка**", Правен факултет Јустинијан Први, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Март, 2015 година.

Трудот ги обработува и анализира правците на развој на правото со посебен осврт граѓанските субјективни права кој институт претставува категорија на граѓанското право на која се заснова целиот систем на римското приватно право. Во истражувањето опфатено е истражувањето на екстра-ординарната постапка во која постапка терминот *actio* се приближил со современиот поим на Тужба , сфатен како едностран неформален акт со кој поединецот го иницира граѓанската судска постапка пред надлежните ограни во случај кога им е повредено, оспорено неговото субјективно право.

Во трудот е истражуван уште еден важен културен процес кој се одвивал во текот на средниот век, па се до модерното време , познат како *„рецепција на римското право„*, патоказ според кој во Европа се пренесени римските сфаќања, дека без правото нема цивилизирано општество или заедница. Укажано е и за патот низ кој поминало римското право и постанал темел на кој се изградени кодификациите на граѓанското право кои и ден денес важат во европските земји како позитивно право. Во контекст на тоа во трудот се елаборира и развојниот пат на нашето право во кое ја гледаме универзалноста на римското право па и актуелноста на нашиот систем на правото пред се во доменот на приватната сопственост, во институциите кои ги регулираат граѓанскоправните односи во државата и заштитата на субјективните права кои произлегуваат од тие граѓанскоправни односи.

Скрипти по предметите:

- Облигационо право, (макед. јазик)
- Авторско право, (алб.јазик)

- Системи на запишување на правата на недвижности, (алб.јазик)
- Оштетно право, (алб.јазик)
- Договорно право, (алб. јазик)

***Објавени трудови по изборот во доцент:***

- **Asani, Z.,** Kadri- Shahinoviq A., (2021), *„Преносливоста на деривативната сопственост според Договорот за дар„*..„International magazine for social sciences "Vizione" бр.36/2021, Open Access Journals, EBSCO (2020) ProQuest&Cite Factor, First Published in 2004, ISSN: 1409-8962;

- **Asani, Z.,** Kadri- Shahinoviq A., (2021), *„Divorce of marriage as a result of domestic violence"„*..„International magazine for social sciences "Vizione" бр.36/2021, Open Access Journals, EBSCO (2020) ProQuest&Cite Factor, First Published in 2004, ISSN: 1409-8962;

- **Asani, Z.,** (2020), *„Запишување на правата на недвижности според правната регулатива на Република Северна Македонија„*..„International magazine for social sciences "Vizione" бр.34/2020, Open Access Journals, EBSCO (2020) ProQuest&Cite Factor, First Published in 2004, ISSN: 1409-8962;

- **Asani, Z., Kadri -Shahinoviq, A.,** (2019)„*Правните дејствија за пренос на недвижности според правната регулатива на Република Северна Македонија„*, Centrum- ISSN 1857-8640, ISSN-1857-9395, бр. 11/2019 - UDC (497.7:4-672 EU),2019,Center for Understanding and Institutional Cooperation (CUIC). www.centrum.mk

- **Kadri- Shahinoviq, A., Asani, Z.,**(2019)„„*Функциите на семејството*„„International magazine for social sciences "Vizione" бр.33/2019, Open Access Journals, EBSCO (2019) ProQuest&Cite Factor, First Published in 2004, ISSN: 1409-8962;

- **Ristevski, T., Asani, Z., Halimovski, E.,** (2018), *„Процесот на лустрација во Република Македонија„*, International magazine for social sciences "Vizione" бр.31/2018, Open Access Journals, EBSCO (2018) ProQuest&Cite Factor, First Published in 2004, ISSN: 1409-8962

***Објавени трудови до изборот во доцент:***

- **Asani, Z.**, *„Правото на судење во разумен рок и факторите кои влијаат во одолговлекувањето на граѓанската судска постапка„* Reforma – Regional Journal of Social Sciences , Vol..2/2015, стр. 146; ISSN: 1800-9791.Kosovo, 2015.

- **Asani,Z,(2015)**,*„Доказната постапка и формите на доказните средства во граѓанската постапка„*, International Institute for Private-Commercial- and Competition Law (IIPCCL) and Tirana Business University, Вол.8/2015, стр.167, Тирана, 2015.

- **Asani,Z.**,(2016) *„Влијанието на римскиот концепт за заштита на граѓанските субјективни права во современата граѓанска судска постапка*, Centrum- ISSN 1857-8640, ISSN-1857-9395, бр. 4/2016 - UDC (497.7:4-672 EU), 2016,Center for Understanding and Institutional Cooperation (CUIC). www.centrum.mk

- **Ristevski, T., Asani, Z.**, (2016),*„Теоретските аспекти на начелата на административната постапка во функција на реализација на материјалната вистина„* International magazine for social sciences "Vizione" бр. 25/2016, Open Access Journals, EBSCO (2016) ProQuest&Cite Factor, First Published in 2004, ISSN: 1409-8962;

- **Ristevski, T., Asani, Z.**,(2016), *„Fundamental Principles of General Administrative Procedure in Function of the Material Truth Cognition„*, Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, Institute of Knowledge Management, Skopje, Vol. 11/2, 2016.

Факултетот за правни и политички науки при АУЕ- ФОН Универзитет, кандидатката **доц. д-р Зинета Асани** да ја ИЗБЕРЕ ЗА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА НА ГРАЃАНСКОТО ПРАВО

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**1. проф. д-р Осман Кадриу, претседател, с.р.**

______________________________

**2. проф. д-р Игор Камбовски, член, с.р.**

______________________________

**3. проф. д-р Зорица Силјановска, член, с.р.**

______________________________

Скопје, Мај, 2021

# РЕФЕРАТ

**за избор на еден наставник од научните области Казнено право- 50804 и Компаративно право- 50809 на Факултетот за правни и политички науки на АУЕ - ФОН Универзитетот**

Рецезентската комисија во состав: Академик проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Стефан Буџакоски и проф. д-р Темелко Ристевски, именувана со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот донесена на седницата одржана на 11.05.2021 година за избор и вработување на еден наставник од научните области **Казнено право- 50804 и Компаративно право- 50809**, по Конкурсот за избор/реизбор во наставно-научно звање објавен во дневниот Печат НОВА МАКЕДОНИЈА на 07.04.2021 година го поднесува следниот:

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор и вработување на еден наставник од научните области Казнено право 50804 и Компаративно право-50809, се пријави:

1. проф.д-р Татијана Ашталкоска-Балоска

## ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ Д-Р ТАТИЈАНА АШТАЛКОСКА-БАЛОСКА

Татијана Ашталкоска-Балоска е родена на 11.04.1980 година во Струга.

## ОБРАЗОВАНИЕ

**Доктор на правни науки,** Правен Факултет Јустинијан Први-Скопје, 2011 година. Тема на докторската дисертација: "Имотните санкции и мерки во казненото право"

**Магистер на правни науки,** од областа на казненото право, Правен факултет „Јустинијан Први„-Скопје, 2007. Тема на магистерски труд: "Конфискација на имот и имотна корист прибавена со казнено дело"

**Дипломиран правник,** Правен факултет „Јустинијан Први„-Скопје, 2003. За учебната 2001/02 година избрана за најдобар студент на Правниот факултет од страна на Сојузот на студенти при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје на редовната свеченост одржана на 11.12.2002 година во просториите на Ректоратот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј.

Кандидатот зборува, чита и пишува англиски јазик

## ПРОФЕСИОНАЛНО ИСКУСТВО

1. 2016- 2021 Наставник од областа Казнено право на Факултетот за Правни науки во состав на ФОН Универзитет во звање вонреден професор
2. 2011-2016 Наставник по предметите Организиран криминалитет и Пенологија на Факултетот за правни науки во состав на ФОН Универзитет во звање доцент
3. 2010-2011 Асистент од областа на правните науки на Факултетот за правни науки во состав на Првиот Приватен ФОН-Универзитет
4. 2007-2010 Асистент од казнено-правната област на Факултетот за правни науки во состав на Првиот Приватен ФОН-Универзитет
5. 2006-2007 Помлад асистент од областа на правните дисциплини на Факултетот за правни науки во состав на Европскиот Универзитет-Република Македонија
6. 2004-2006 Помлад асистент по предметот Казнено право на Факултетот за општествени науки во Скопје
7. 2003-2004 Помлад асистент по предметот Казнено право на ММ Колецот во Скопје

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО СТРУКАТА

- Организатор, координатор на проекти на ФОН Универзитет –Скопје
- Учество на меѓународни конференци, трибини, тркалезни маси, дебати, ангажмани и сл.

1. 2018- Учесник во проектот „Паметна алатка за управување со бизнис" на Институтот за обуки „Коцка" во партнерство со „Македонски развоен центар за граѓански организации,, како експерт од областа на правото
2. 2017- Учесник во научно-истражувачки проект "Предизвик на говорникот" – Втори ораторски вечери на ФОН Универзитет – Скопје, 10 мај 2017 год. Натпревар во кој се потикнуваат и охрабруваат и студентите со развојни потешкотии да земат учество. Темата на подготвениот говор УСПЕХОТ НЕ Е КОНЕЧЕН, НЕУСПЕХОТ НЕ Е ФАТАЛЕН, ХРАБРОСТА ДА СЕ ПРОДОЛЖИ Е ТОА ШТО Е ВАЖНО, како експерт
3. 2016-2017-Учесник во проектот, "IPA - Stronger CSOs for a participatory transposition and implementation of the EU 2020 climate and energy package" – implemented by Milieukontakt Macedonia, како експерт од областа на правото
4. 2014-2015- Учесник во проектот, "Regional model for smart municipal services reporting systems for the citizens" – implemented by Milieukontakt Macedonia, како експерт од областа на правото
5. 2016- Учесник во проект "Предизвик на говорникот" – Први ораторски вечери на ФОН Универзитет – Скопје, 14 април 2016 год. Натпревар во кој се потикнуваат и охрабруваат и младите со развојни потешкотии да земат учество. Две дисциплини – подготвен и импровизиран говор. Темата на подготвениот говор БЕДНА Е ОНАА ПРАВДА, КОЈА МОРА ДА СЕ ПРАВДА, како експерт

6. 2016 – Член на Уредувачкиот Одбор на Меѓународното науно Списание International Journal of Humanities, Social Sciences and Education, Academicians, research center, https://www.arcjournals.org/international-journal-of-humanities-social-sciences-and-education/editorial-boar

7. 2015- 2004 Активно учество во реализација на проектот Импровизирано судење, реализиран како новина во образовниот процес на ФОН Универзитетот, како модел за полесно совладување на материјалот и стекнување практично искуство по предметот Казнено право.

8. 2013- Учество во Проектот „Подобри локални услови преку зголемување на транспарентноста и отчетноста во процесот на администрирање на локалните даноци„, во рамките на програмата CIVICA Mobilitas, на Центарот за институципонален развој (ЦИРа), како предавач, обучувач

9. 2013- Учество во проектот SAPUCCA (Sharing alternatives practices for the utilization of confiscated criminal assests), преку меѓународен семинар организиран од CRPM, како предавач

10. 2010 Активно учество во Проектот за модернизација на образованието, како акредитиран обучувач од Бирото за развој на образование во состав на Министерството за образование на РМ, со вкупен обем од 90 работни часови, одржана обука во месец март и април 2010 година, за што поседува и сертификат за акивно учество и обука од 15.07.2010 година.

11. 2008 Координатор на студентите од правните факултети во Р.Македонија на регионалниот натпревар по меѓународно хумнитарно право во Сараево, Босна и Херцеговина од 23-27 Октомври 2008 година во организација на Меѓународниот Комитет на Црвениот Крст.

12. 2008 Активно учество на петтиот Регионален Курс по Меѓународно хуманитарно право, Белград, Факултет за политички науки, 21-26 Септември, 2008.

13. 2007 – 2009 Секретар на проектот "Македонија без дрога", на ФОН Универзитетот, одобрен од страна на Министерството за образование на РМ

14. 2001/02 година Најдобар студент на Правниот факултет од страна на Сојузот на студенти при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје на редовната свеченост одржана на 11.12.2002 година во просториите на Ректоратот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј,

15. 2012-2018-Активно учество во Проектот Фабрика на знаење-ФОН Универзитет-Скопје, како ментор на тим

16. 2004-2021 Редовно учество во научни семинари, конференции, тркалезни маси

## УНИВЕРЗИТЕТСКИ УЧЕБНИК:

-Пенологија со извршно казнено право, рецензиран универзитетски учебник, АУЕ ФОН Универзитет Скопје, 2020,

-Економско казнено право, унверзитетски учебник, во постапка на издавање

## ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ:

1. AshtalkoskaT.,Srbinovska-Doncevski.A, ,,The right of lawful, humane and justifiable sanction-mechanisms of achieving within the concept of basic human rights and justice" International magazine for social sciences "VIZIONE " Skopje, бр.34 бр.34, ISSN:1409-8962 printed form, ISSN 1857-9221 electoronic form, Januar 2020 www.visionmagazine.org
2. Srbinovska-Doncevski.A., AshtalkoskaT., Strategic development of print media in the future, Spectrum, Studious and scientific magazine, First Published, National and university library "St. Clement of Ohrid " - Skopje ISSN 2671-3489 (print) ISSN 2671-3497 (online), June 2020,
3. AshtalkoskaT.,Srbinovska-Doncevski.A, ,,Combating money laundering as a part of transnational organized crime-criminal law methods and problems" XXI International Scientific Conference, Knowledge in practice Scientific Papers International journal Knowledge Vol.31, ISSN 2545-4439, promoted in Budva 07.06.2019,
4. Srbinovska-Doncevski.A., AshtalkoskaT., Culture and language communication, International magazine for social sciences "VIZIONE " Skopje, бр.33, ISSN:1409-8962 printed form, ISSN 1857-9221 electoronic form, June 2019
5. Уставно право, рецензирани авторизирани предавања, ФОН Универзитет, Скопје, 2019
6. Facial expression as an improtant component od non-verbal communication in public speaking, International magazine for social sciences "VIZIONE" Skopje, p.79-87, Nr. 230/2018, коавтор
7. Како до поефикасна казнено-правна заштита на економскиот криминал?, Стручно списание Правник, бр. 312, април, 2018
8. Проблеми во примената на казнените санкции кон правните лица со посебен осврт на примената на паричната казна, Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, 1.02 прегледна научна статија удк: 347.19:[343.271:340.132(497.7), http://journal.maclc.mk/wp-content/uploads/2018/08/Tatjana-Astalkovska.pdf, стр. 1-12
9. Prohibition to exercise professional activities as a modern approach of criminal justice protection of economic crime, KNOWLEDGE – International Journal Vol. 26.6 September, 2018, IKM, Skopje, 2018, стр. 1783-1789
10. Responsibilities and competences of the local self-government for protection of the environment in Republic of Macedonia, Twelfth International Scientific Conference KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS 31.3-2.4.2017, Vrnjacka Banja, Serbia, International journal scientific papers Vol 16.1, ISSN 1857-923X, p.269, коавтор
11. Criminal law protection of economic crime Reality or fiction?, International Journal for Innovation Education and Research, www.ijier.net Vol:-5No -05, 2017, прв автор, стр.1-8
12. Achieving of transnational justice-challenge and condition on the way to EU, International magazine for social sciences "VIZIONE" Skopje, p.165-171, Nr. 28/2017, прв автор

13. Media and politics-friends with emphasized antagonism, International magazine for social sciences "VIZIONE" Skopje, p.27-37, Nr. 24/2015, коавтор
14. Media responsibility and citizen information right in Republic of Macedonia-condition for Europeanism, International Conference Euro Regions Integrations Societies-Generation Growth-Caring Resources, Institute for Political and International studies, p. 83-97, , Skopje 2015, коавтор
15. Combating economic crime in Republic of Macedonia as part of the modern concept of achieving criminal justice, International magazine for social sciences "VIZIONE" Skopje, p.221-231, Nr. 22/2014, коавтор
16. "The impact of management structures and the global economic crisis on emergence of new forms of economic crime", The 3rd International Scientific Congress, ICON BEST 2013, University of Tourism and Management Skopje, 2013, прв автор
17. "Direct participation of citizens in local government part of the decentralization process in Macedonia - status and problem"; International Scientific Conference, Participatory democracy: challenges to the EU, Universiteti Marin Barleti, Department of governance policy and communication, Tirana, 30-31 May 2013, http://umb.edu.al/upload/pdf_docs/PARTICIPATORY-DEMOCRACY-Conference-Agenda.pdf, коавтор
18. The global economic crisis and the emergence of new forms of economic crime - characteristics and impact on business economics, The fourth science symposium with international involvement of Educons University at Sremska Kamenica, GLOBAL ECONOMIC CRISIS AND BUSINESS ECONOMICS - CHALLENGES OF THEORY AND PRACTICE Sremska Kamenica – Novi Sad, May 29 - 30, 2013, Proceedings of Educons University for social science, p. 317-327,
19. Citizen Participation as a part from the decentralization process in realization of the Concept of Self-Government in the Republic of Macedonia, International Conference, Decentralization process in republic of macedonia, main issues, trends and developments in the future, institute for political and international studies – Skopje,p.91-107, January, 25th 2013 South East European University –Tetovo, коавтор
20. Repressive and Preventive (Legal and Political) Measures for Curbing Corruption - Problem of Stabilization and Integration of Balkan Countries, - New balkans in a changing world with a changing Europe -The ECPD Eighth International Conference on reconciliation, tolerance and human security in the Balkans, Belgrade, October 20, 2012, коавтор
21. The benefits of decentralization of authority for the development of local ecotourism, Proceedings of EDUCONS UNEVERSITY for social science, Book 3, The third science symposium with international involvement, Educons University, Sremska Mitrovica, 2012, http://www.educons.edu.rs/sites/default/files/Zbornik%202012.pdf, коавтор
22. The expand confiscation in Macedonian criminal law, The European Journal for management and public policy, volume, 12, No.1, 2012, published by ECPD, автор
23. The Role of Local Self-Government in Protection of Water Resources in Republic of Macedonia, Peer-reviewed Paper, International Conferences BALWOIS 2012, http://ocs.balwois.com/index.php?conference=BALWOIS&schedConf=BW2012&page=paper&op=view&path[]=807&path[]=162, коавтор

24. Criminal law protection concerning criminal offences against the environment, with specific reference to criminal offences committed by legal subjects, International Scientific Conference: ECOLOGY AND LAW, Niš, 18th May 2011, коавтор.
25. Suggestions to enhance the intercultural dialogue, Seventh ECPD International Conference, Reconciliation, tolerance and human security in the balkans "New balkans and European union enlargement" Miločer, Montenegro, October 21-22, 2011,
26. Нове појавне облике криминала и имовинске мере у кривично право, Зборник радова, International Review, PEP, Београд 2011
27. Компаративни аспекти на конфискацијата на имот и имотна корист прибавена со казнено дело, Годишник на ФОН Универзитетот, Година 1, Том 1, Скопје, 2008/09 год.
28. Усогласување на македонското законодавство со европските стандарди во борбата со организираниот криминал, Зборник на трудови, Р.Македонија на патот кон Европа-состојби и перспективи, ФОН Универзитет, Гевгелија, 2007 год.
29. Казнено-правна заштита на изборите во Р.Македонија, Зборник на трудови, Парламентарни избори 2006 и македонските аспирации за ЕУ и НАТО, Скопје, 2006 год.
30. Одговорност за казнени дела сторени преку масс-медиа, Зборник на трудови, Комуникации и медиуми-македонска транзиција, Европски Универзитет-РМ, Скопје, 2006 год.
31. Проширената конфискација во македонското казнено право, Стручно списание Правник, бр. Бр.243-244, Јули-Август 2012 Година
32. Професионалните забрани како мерки за спречување на организираниот криминал, Стручно списание Правник, бр. 230, год. XX, јуни 2011
33. Казнената одговорност на правните лица во современото казнено право, Стручно списание Правник, бр. 229, год. XX, мај 2011
34. Имотните мерки како дел од казнено-правната стратегија за борба со организираниот криминал, Стручно списание Правник, бр. 224, год. XIX, Декември 2010 год.
35. Усогласување на македонското казнено законодавство со европските стандарди во борбата со организираниот криминал, Стручно списание Правник, бр. 194, год. XVII, Јуни, 2008 год.
36. Перење пари и конфискација на имот и имотна корист, Стручно списание Правник, бр.191, год.XVII, Март 2008 год.
37. Конфискација на имот и имотна корист прибавена со казнено дело, Стручно списание Правник, бр.189, год.XVII, Јануари 2008 год.
38. Пенологија, материјал за подготовка на испит, ФОН Универзитет, Скопје, 2012
39. Медицинско казнено право, материјал за подготовка на испит, ФОН Универзитет, Скопје, 2012
40. Економско казнено право, авторизирани предавања, ФОН Универзитет, 2017
41. Компаративно материјално казнено право, авторизирани предавања,ФОН Универзитет, Скопје, 2017

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на прикажаното, како и од личните сознанија за кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Татијана Ашталкоска-Балоска во целост ги исполнува условите предвидени со Законот за високо образование и одредбите на Статутот на Американскиот универзитет на Европа – ФОН за избор на наставник во звање редовен професор и тоа:

1. Има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно,
2. Има научен степен доктор на науки од соодветната област,
3. Има објавено најмалку шест рецензирани научни труда во рефернтната научна публикација согласно со овој закон во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор,
4. Претходно кандидатот бил избран во звање вонреден професор,
5. Има активно познавање на англиски јазик,
6. Има способност за изведување на високобразовна дејност. Кандидатот е автор на универзитетски учебник и учебни помагала како авторизирани предавања. Учествувала во повеќе научно истражувачки проекти, а преку учество на меѓународни и домашни школи и семинари од оваа област постојано го надоградува своето знаење и истото успешно го пренесува на студентите во наставниот процес.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Рецензентската комисија смета дека д-р Татијана Ашталкоска-Балоска **во целост ги задоволува педагошките, научните и стручните критериуми, како и законските услови и условите предвидени со општите акти** на АУЕ-ФОН за да биде избрана за наставник со звање РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комисијата имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ-ФОН, да го избере кандидатот, д-р Татијана Ашталкоска-Балоска за наставник од научните области Казнено право и Компаративно право, во звање **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.**

**Скопје, мај 2021** **Рецезентска комисија:**

**Академик проф. д-р Владо Камбовски,**
**с.р. претседател**

**Проф. д-р Стефан Буџакоски, с.р.член**

**Проф. д-р Темелко Ристевски, с.р. член**

Заблагодарувајќи му на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици во состав на Американскиот универзитет на Европа - ФОН кој на продолжението на својата 5-та седница за академската 2020/2021 година, одржана на ден 16.04.2021 година, нè избра во Рецензентска комисија, по пријавата на кандидатката: Катерина Сековска-Анѓеловиќ, за избор во звањето виш лектор по современ италијански јазик, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици да му го поднесеме следниов извештај:

## И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс во весникот „Нова Македонија" на ден 09.04.2021 година од страна на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, за избор на едно лице во звањето виш лектор по современ италијански јазик, на конкурсот се пријави една кандидатка и тоа:

1. М-р Катерина Сековска – Анѓеловиќ, магистар по филолошки науки.

По внимателниот увид во поднесените материјали на кандидатката, Комисијата го констатира следново:

1. М-р Катерина Сековска –Анѓеловиќ

**Биографски податоци:**

Кандидатот, Катерина Сековска-Анѓеловиќ, дипл. професор по италијански јазик и книжевност со македонски јазик, е родена на 07.02.1978 год. во Скопје каде завршила основно и средно образование во гимназијата „Јосип Броз - Тито". Во 1997 год. Се запишала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј", на студиската група за италијански јазик и книжевност, наставна насока, како студент на првата генерација на катедрата по италијански јазик и книжевност.

Во периодот од 1998-2002 реализирала чести престои во Италија. Во 1999 год. добила стипендија во времетраење од два месеци при Универзитетот за странци во Перуџа "Università per stranieri", доделена од страна на Италијанската амбасада во Р. Македонија, каде имала можност за усовршување на италијанскиот јазик.

За време на студиите, и покрај редовното следење на наставата и подготвувањето на испитите, таа успешно се снаоѓа и во областа на преведувањето како консекутивен толкувач за поголем број приватни училишта за странски јазици.

Веднаш по дипломирањето волонтирала и во 2003 год. се вработила во "М&М" Колеџ каде била избрана од Руската академија "Кнезови Шчербатови" за предавач по италијански јазик. Во 2003 год. работела како помлад асистент на визитинг проф. д-р Нели Раданова по предметот Граматика на италијанскиот јазик и ги држела часовите по двонасочен превод.

Во тој период Министерството за правда ја назначило за овластен постојан судски преведувач при Основен суд 1 од италијански на македонски јазик и обратно.

Во учебната 2003-2004 се запишала на последипломски студии по италијански јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје и ги има положено сите испити со просечен успех 10. На наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје ѝ е одобрена темата за магистерски труд под наслов „Усвојување на вокабуларот во наставата по италијански јазик".

Во периодот од 22-27 октомври 2004, учествувала на семинарот за професори по италијански јазик, насловен "I Nuovi Contesti per L'Apprendiomento delle lingue" реализиран од страна на на проф. Палма Камица и проф. Марија Росарија Монтанаро во соработка со Италијанскта амбасада и Филолошкиот факултет "Блаже Конески" каде што истиот беше одржан. На овој семинар се здобила со нови искуства од областа на наставата по италијански јазик.

Во 2005 год. била избрана во звањето лектор по италијански јазик на ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН, на Факултетот за применети странски јазици.

Во мај 2006 присуствувала на семинар на тема: „Активности за учење на час по јазик„ воден од авторката на истоимената книга, М.Панданкс во организација наУниверзитетот за Југоисточна Европа во Тетово.

Во 2006 година, објавила труд во зборникот на трудови на ФОН УНИВЕРЗИТЕТ, насловен "Моќта на зборот во политичката кампања" во соработка со лектор Кристина Ангеловска.

Во периодот од 3 до 4 октомври 2008 година, учествувала на семинарот за професори по италијански јазик, насловен "Procedure per la costruzione di test per la valutazione linguistica, la produzione scritta nei diversi livelli di competenza" реализиран од страна на проф.Ана Марија Скаљозо од Универзитетот за странци во Сиена и организиран од Италијанскиот Институт за Култура во Белград во соработка со Филолошкиот факултет од Белград.

Во 2008 година објавува труд во годишникот на ФОН Универзитетот, под наслов „Воведувањето на интернетот во наставата по италијански јазик".

Во април 2008 година била повторно избрана за лектор по италијански јазик од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот за применети странски јазици при ФОН Универзитетот.

Во декември 2009 го одбранила магистерскиот труд под наслов „Усвојување на вокабуларот во наставата по италијански јазик" на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, со што се стекнала со звање „магистер по филолошки науки".

Во периодот од 9-11 април 2010 година учествувала на меѓународната конференција на тема "From Teaching to Learning, Current Trends in ELT" организирана од страна наУниверзитетот за Југоисточна Европа во Тетово.

Во 2010 учествувала во ПРОЕКТОТ ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО, на програмите: *Методи и постапки за планирање на наставата и вреднување и оценување на постигнувањата на учениците* и *Примена на ИКТ*, организиран од страна на Министерството за образование и наука и ФОН Универзитет.

Во март/април 2011 година учествувала на семинар под наслов „VI°CORSO DI CULTURA ITALIANA, Gargnano sul Garda, 26 marzo / 3 aprile 2011" организиран од страна на општината Гарњано, Италија и Универзитетот во Милано.

На 11-12 мај, 2011 учествувала на научен собир организиран од страна на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков„ по повод 90 години од раѓањето на Благоја Корубин, со труд под наслов „Употребата на определен член пред присвојната придавка кај именки што означуваат блиско сродство во италијанскиот и во македонскиот јазик".

Во декември 2012 година ѝ била одобрена темата за изработка на докторски труд под наслов: „Функцијата на јазичните игри за усвојување на вокабулар во наставата по италијански јазик„ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

Како лектор по италијански јазик на Факултетот за странски јазици при ФОН Универзитетот во Скопје и одделенијата во Струга и Струмица одржувала настава како предметен наставник по предметите Италијански јазик, Италијанска цивилизација, Деловен италијански јазик и Двонасочен превод. Исто така одржувала настава и на втор циклус на студии по предметот Деловен италијански јазик 3.

Од 2013 година до денес одржува настава по италијански јазик како втор изборен странски јазик на Факултетот за Географија, отсек Туризам, на Природно-математичкиот факултет (УКИМ).

**Наставна и стручна дејност:**

Кандидатката успешно ја организирала и одржувала наставата на Факултетот за странски јазици и на Факултетот за Туризам (ПМФ, УКИМ) користејќи современи методи на учење на италијанскиот јазик како странски јазик, предавањата и вежбите ги збогатувала со нови елементи од брзиот развој на организационите науки, технологијата и информатиката. Се залага за примена на дидактички методи за ефикасно учење на италијанскиот современ и деловен јазик.

**Заклучок и предлог:**

Од гореизнесеното може да се констатира дека кандидатката ги исполнува условите на конкурсот за избор на еден виш лектор по италијански јазик. Катерина Сековска – Анѓеловиќ, како што и погоре нагласивме, со својот досегашен ангажман во рамките на Факултетот за странски јазици (АУЕ-ФОН) и Факултетот за Туризам (УКИМ), покажа дека успешно ја спроведувала наставата по италијански јазик на овие два факултети. Затоа, со задоволство, му препорачуваме на ННС на Факултетот за странски јазици во состав на Американскиот универзитет на Европа - ФОН за избор на виш лектор по италијански јазик да се определи за Катерина Сековска –Анѓеловиќ.

Скопје, _________

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Радица Никодиновска, с.р.

.............................................................

Проф. д-р Александра Саржоска, с.р.

.............................................................

Доц. д-р Искра Стаменкоска, с.р.

.............................................................

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТИТЕ НА АРХИТЕКТОНСКИ КОНСТРУКЦИИ И МАТЕРИЈАЛИ И ТЕХНОЛОГИЈА НА ГРАДЕЊЕ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ, ВО СОСТАВ НА АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА (АУЕ) – ФОН, СКОПЈЕ

Архитектонскиот факултет, при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН, на Наставно научниот совет одржан на 21.05.2021 год., врз основа на објавениот Конкурс во дневниот весник Слободен печат на ден 08.04.2021 година, за избор на **соработник од областите: Архитектонски конструкции (20112) и Материјали и технологија на градење (20108),** формира Рецензентска комисија во состав:

1. **Доц. м-р. Арбреша Ибрахими – претседател**
2. **Вон. проф. д-р. Мимоза Клековска – член**
3. **Доц. м-р. Едона Арифи Садику - член**

На распишаниот конкурс за избор на соработник во научните области Архитектонски конструкции и Материјали и технологија на градење, се пријави еден кандидат.

По разгледувањето на поднесените документи од страна на кандидатот, Рецензентска комисија констатира дека формално-правните услови за избор на соработник во научните области Архитектонски конструкции и Материјали и технологија на градење, согласно Законот за високото образование и објавениот конкурс ги исполнува кандидатот:

**М-р. Весна Грујоска дипл. град. инж.**

По разгледаните пријави, Рецензиската комисија на Архитектонскиот факултет го поднесе следниот:

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

М-р Весна Грујоска е родена на 26.01.1991 год. во Струга, каде го завршила основното и средното образование. Средно образование завршила во гимназијата „д-р Ибрахим Темо" во Струга. Студиите на Градежниот факултет во Скопје ги започнала во академската 2009/2010 год. Студиите ги завршила со просечна оцена 8.02 и дипломирала во октомври 2013 год. на тема „Додатоци за бетон". Магистерските студии ги започнала во 2013 год. на конструктивната насока при Градежниот факултет во Скопје и ги завршила со просечна оцена 9.66. По успешно одбранетиот магистерски труд под наслов: „Примена на инфрацрвена термографија за истражување на објекти" на Катедрата по техничка механика и јакост на материјали на 27.08.2015 год. се стекнува со звањето магистер по технички науки од областа на градежништвото.
Во 2014 година ја освои наградата за најдобра дипломска работа.

## 2. РАБОТНО ИСКУСТВО

Од 2013 год. кандидатката м-р Весна Грујоска работи како надворешен проектант на деловни и станбени објекти во фирмата "ПЕКОМ" во Струга.

**Проектирање на објекти:**

1.Надградба на колективна станбена зграда на КП бр. 1163/6 КО Струга, 2. Станбен објект за домување на КП. бр. 1135/1 КО Охрид 4 (2014 год.), 3. Станбен објект за домување на КП. бр. 671/4 КО Враништа (2014 год.), 4. Станбен објект за домување на КП. бр. 2381/6 КО Мислешево (2014 год.), 5. Деловен објект – текстилна работилница во Мислешево, Струга (2015 год.), 6. Надградба на станбена зграда на КП бр. 2526 КО Струга (2015 год), 7. Станбен објект за домување на КП. бр. 8721 КО Охрид 2 (2015 год.), 8. Станбен објект за домување на КП. бр. 3979/1 КО Мислешево (2015 год), 9. Станбен објект за домување на КП. бр. 383 КО Струга, (2016 год.), 10. Деловно- трговки објект на КП бр. 1848/11 КО Струга, (2017 год.), 11. Станбен објект за домување на КП. бр. 2383/8 КО Мислешево, (2017 год.), 12. Деловен објект со ладилник на КП. бр. 2353 и 2356/2 КО Струга (2017), 13.Семејна куќа на КП. бр. 373 КО Струга (2018), 14. Семејна куќа на КП. бр. 1332/3 КО Боровец (2018), 15. Надградба и адаптација на деловен објект КП. бр. 1719/2 КО Струга (2019), 16. Деловен објект на КП. бр. 1067 КО Лабуништа (2020), 17. Спортски објект- затворено спортско игралиште КП 332/1 КО Струга, 18. Станбен комплекс на КП. бр. 1925/9 КО Гази Баба Скопје, (2020), 19. Доградба на товарна хала во комплекс KNAUF Радика – Дебар, (2020).

Од 2013 година до 2021 година кандидатката Весна Грујоска работела како соработник на Градежниот факултет во Скопје, на катедрата за Механика и материјали, на предметите теориска механика, градежни материјали, градежна физика и енергетска ефикасност. Во овој период била ангажирана за одржување на вежбите и за бројни лабораториски испитувања, а исто така објавила значителен број на трудови и учествувала на повеќе конференции, работилници и тренинг школи меѓу кои:

- Тренинг школа 1 и 2 на тема Звучни бранови во метаматеријали и порозни материјали, Технички Универзитет во Прага, Чешка, 26ти-30ти Септември 2016
- Краток научен престој како дел од COST акцијата Иновации во менаџирање на објекти од културно наследство на Градежниот факултет во Лисабон, Португалија (Universidade Nova de Lisboa, Department of Civil Engineering, Portugal), 24ти-30ти Април 2017
- Тренинг школа како дел од COST акцијата Иновации во менаџирање на објекти од културно наследство, Сапиенца Универзитет (Sapienza University), Рим, Италија, 11ти – 13ти Октомври 2017
- Тренинг школа на тема Експериментални техники за порозни акустични материјали, Универзитет во Ле Ман, Франција, 4ти -6ти Декември 2017
- Краток научен престој на тема Иновативни материјали, Градежен факултет, Бат Универзитет (Bath University), Англија, 4ти -22ри Јуни 2017
- Учество во организација на Тренинг школа на тема: Напредни материјали и технологии, Скопје, С. Македонија, 2ри – 7ми Септември 2018
- Учество во лабораториско истражување за рециклиран текстил како градежен материјал, Градежен Факултет, Скопје, С. Македонија, 10ти Јануари – 20ти Октомври 2019
- Краток научен престој како дел од акцијата Одржлив развој за обновлива економија, Стокхолм Универзитет (Stockholm University), Стокхолм, Шведска, 4ти – 8ми Март 2019
- Учество во работилница за Информациско моделирање на градби (BIM), Скопје, С. Македонија, 16ти – 17ти Март 2019
- Учество во работилница за промовирање на Информациско моделирање на градби (BIM), Скопје, С. Македонија, 23ти Април 2019
- Учество во организација на Првиот Македонски Конгрес за Патишта, Скопје, С. Македонија, 7ми-9ти Ноември 2019

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

• V. Grujoska, T. Samardzioska, "Application of infrared thermography in building research", 16th International Symposium of MASE, Ohrid, N. Macedonia, 1st -3th October 2015

• V. Grujoska, "Application of infrared thermography for building investigation", 3th Student Conference of SKEEOR, Skopje, N. Macedonia, 19th -21th October 2015

• T. Samardzioska, V. Grujoska, "Measures for energy conservation in the elementary school in Skopje", 6th International Symposium of GNP, Zabljak, Montenegro, 7th – 11th March 2016

• В. Грујоска, Т. Самарџиоска, "Инфрацрвена термографија како метода за истражување на објекти", 6ти Меѓународен Симпозиум ГНП, Жабљак, Црна Гора, 7ми – 11ти Март 2016

• T. Samardzioska, V. Grujoska, J. Grujoska, D. Moslavac, "Use of waste glass as aggregate in concrete", 1st International Conference on Construction Materials for Sustainable Future, Zadar, Croatia, 19th – 21 th April 2017

• T. Samardzioska, N. Salih, V. Grujoska, M. Jovanoska, IOP Conference Series: Earth and Environmental Science, " Design of Earthship for Climate Conditions in Macedonia" Volume 329, Sustainable Built Environment Conference, Cardiff, Wales 24 th –25 th September 2019

• V. Grujoska, T. Samardzioska, J. Grujoska, "Improvement of Thermal conductivity of mortars with slag", 18th International Symposium of MASE, Ohrid, N. Macedonia, 02 th -05 th October 2019

• V. Grujoska, J. Grujoska, T. Samardzioska, M. Jovanoska, "Waste glass effects on fresh and hardened concrete", 7th International Conference "Civil Engineering - Science and Practice", Kolašin, Montenegro, 10 th -14 th March 2020

• T. Samardzioska, V. Grujoska, S. Abazi, " Testing thermal conductivity of a liquid coating – water based acrylic mixture ", 7th International Conference "Civil Engineering - Science and Practice", Kolašin, Montenegro, 10 th -14 th March 2020

• M. Jovanoska, T. Samardzioska, V. Grujoska, "Modelling classroom acoustics using in situ measurements", 7th International Conference "Civil Engineering - Science and Practice", Kolašin, Montenegro, 10 th -14 th March 2020

**Објавени трудови во списанија**

• В. Грујоска, "Лошата изолација значи и пари и загадување на атмосферата", Порта 3, Издание 247, Август 2016, стр. 50-52, Скопје, С. Македонија

• T. Samardzioska, J. Grujoska, V. Grujoska, D. Moslavac, K. Donevska, "Effects of waste glass on properties of hardened concrete", Scientific Journal of Civil Engineering, SJCE, Volume 5, Issue 1, July 2017. ISSN 1857- 839X, pp. 25-32

• T. Samardzioska, N. Salih, V. Grujoska, M. Jovanoska, IOP Conference Series: Earth and Environmental Science, "Design of Earthship for Climate Conditions in Macedonia" Volume 329, October 2019, DOI: 10.1088/1755- 1315/329/1/012052

Кандидатката м-р. Весна Грујоска има одлично познавање на англискиот јазик.

Исто така има познавање и искуство во примената на компјутерски програми AutoCAD и Tower. Активно го користи пакетот со програми на Microsoft Office (Word, Excel, Power Point итн.).

## 5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од анализата на приложените документи, како и врз основа на сознанијата за досегашната работа и професионалниот ангажман на кандидатката, Рецензентската комисија верува дека кандидатката м-р. Весна Грујоска може успешно да се вклучи во научноистражувачка, апликативна и образовна дејност во рамките на Архитектонскиот факултет при АУЕ ФОН Универзитетот. Списокот на нејзините активности, како и посветеноста во извршувањето на обврските, потврдува дека кандидатката м-р Весна Грујоска може солидно да се развива во наставната и истражувачка дејност во избраната област.

Според тоа, Комисијата заклучува дека пријавената кандидатка ги исполнува условите за избор во звање **асистент од областите на Архитектонски конструкции и Материјали и технологија на градење.** Вреднувајќи ги досегашните достигнувања на кандидатот од сите релевантни аспекти, Комисијата му предлага на Наставно - научниот совет на Архитектонскиот факултет кандидатката **м-р. Весна Грујоска,** да ја **избере во соработничко звање - асистент од научните области Архитектонски конструкции (20112) и Материјали и технологија на градење (20108).**

**Рецензентска комисија:**

1. Доц. м-р. Арбреша Ибрахими, с.р. – претседател

-----------------------------------------------

2. Вон. проф. д-р. Мимоза Клековска, с.р. – член

-----------------------------------------------

3. Доц. м-р. Едона Арифи Садику, с.р. – член

-----------------------------------------------

Скопје, 2021 год.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „ЕКОНОМСКО КАЗНЕНО ПРАВО“ ОД АВТОРОТ Д-Р ТАТИЈАНА АПТАЛКОСКА-БАЛОСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за Правни и политички науки за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебник со наслов Економско казнено право од авторот/-ите: Татијана Апталкоска-Балоска, наменет за студентите на Факултетот за Правни науки и политички науки-правосудни студии, за предметот/-ите Економско казнено право, избрани се проф. д-р Стефан Буџакоски и доц. Д-р Наташа Тодоровска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за Правни и политички науки при Американскиот Универзитет ФОН во Скопје, го поднесуваме следниов

### ИЗВЕШТАЈ

**I. Општ дел**

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Економско казнено право |
| **Назив на предметната програма:** | Правосудни студии-втор циклус |
| **Назив на студиската програма:** | Правосудни студии |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **6** |
| Предметот Економско казнено право на Факултетот за правни и политички науки е задолжителен предмет за насоката Правосудни студии со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во седми семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 233 страници (формат Б 5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи и случаи и примери од судската практика. |

РЕЦЕНЗЕНТИ

1. **Проф. д-р Стефан Буџакоски, с.р.**
2. **Доц. д-р Наташа Тодоровска, с.р.**

**II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТИТЕ:**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот Економско казнено право казнено право содржи неколку глави кои се однесуваат и го обработуваат предметот на оваа научна дисциплина. Во првиот дел авторката се задржува на поимот, предметот на економското казнено право, економскиот криминал како неконвенционален, субјектите на економското казнено дело и дефинирањето на економското казнено дело. Во вториот дел ја обрабтува казнената одговорност на правните лица, меѓународните аспекти, процесноправната положба на правните лица, како и нивното санкционирање. Понатаму во третиот дел авторот го обработува и детално ги објаснува видовите економски криминал, почнувајќи од организираниот криминалитет, перењето пари, корупцијата, даночната евазија и други облици на економскиот криманлитет. Во четвртиот дел пак, е елаборирана меѓународната заштита на економскиот криминалитет, преку анализа на позначајните меѓународни документи од оваа област. Иновациите во системот на санкции се опфатени во последната глава, со посебно итакнување на посебние казнено правни мерки, конфискацијата и одземањето предмети, како и начините на нивно уврдување и извршување. Посебен акцент авторката низ целиот текст посветува и на состојбата во нашата држава, но и комаративна анализа со сосtјбата во останатите држави. Она што особено го издвојува овој труд, позитивно за студентите но и останатите читатели е и анализа на практични примери и случаи од пракса, како и статистичките податоци. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Текстот Економско казнено право е усогласен со предметната програма на предметот Економско казнено право. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | 10 |
| **Категор изација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 233страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ја литературата) . |

Врз основа на изнесеното, чест ни е и задоволство овој ракопис да го поддржамиме и да го предложиме да се отпечати како учебник по предметот Економско казнено право, примарно наменет за студентите на Факултетот за Правни науки и политички науки.

Во Скопје, 2021 година

РЕЦЕНЗЕНТИ Проф. д-р Стефан Буџакоски, с.р.

**Доц. д-р Наташа Тодоровска, с.р.**

# **РЕЦЕНЗИЈА**

на ракописот „**Еколошка криминалистика** “ од авторот

проф. д-р Насер Етеми

Со одлука на седницата на Наставно научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност одржана на 24.06.2020 година на Американскиот Универзитет на Европа ФОН избрани сме за рецензенти на ракописот понуден како учебник со наслов „Еколошка кримналистика“ (на албански јазик) прво издание од авторот проф. д-р Насер Етеми.

Темелно го проучивме понудениот ракопис под погоренаведениот наслов и во врска со ова го поднесуваме следниов

## **И з в е ш т а ј**

### **I Опис**

Ракописот се состои од текст напишан на вкупно 245 страници (просечно по 43 реда на страница во Times New Roman, фонт 12 со 1,15 проред) + 7 страни попис на библиографски единици (од домашни и странски автори, и неколку правни и интернет извори).

Структурата на текстот ја сочинуваат вкупно 7 глави наведени според следниов редослед, и прилог кон текстот.

1. Поимот, карактеристиките и појавните форми на еколошкиот криминалитет
2. Значењето и специфичностите на истражувањето на кривичните дела на еколошкиот криминалитет
3. Методика на откривање и разјаснување на еколошките кривични дела
4. Мерките и оперативните криминалистичко-тактичките дејствија на откривање и расветлување на еколошките кривични дела
5. Мерките и истражните дејствија на откривање и расветлување на еколошките кривични дела
6. Улогата на различните органи во превенцијата и репресијата на еколошкиот криминалитет
7. Меѓуинституционална и меѓународна соработка во превенцијата и репресијата на еколошкиот криминалитет

Во првата глава се дефинира поимот на еколошкиот криминалитет. Исто така се посветува внимание и на основните задачи и на еколошката криминалистика како дел од криминалистичката методика. Во продолжение на оваа глава дадени се основите појавни облици на еколошкиот криминалитет, и се опишани карактеристиките на екотероризмот и еколошкиот тероризам како и карактеристиките на сторителите на овој криминалитет како што се физичките и правните лица.

Наредната глава е посветана на значењето и специфичностите на истражувањето на кривичните дела на еколошкиот криминалитет. Во ова глава се претставени сите кривични дела предвидени во Глава дваесет и два на Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Дадени се општите правни карактеристики на овие дела како и некои криминолошки и криминалистички аспекти на откривање и докажување на овие кривични дела.

Во третата глава претставени се општите карактеристики на откривање и докажување на еколошките кривични дела, проблемите со кои се соочуваат органите на прогонот во откривање и разјаснување на овие кривични дела. Понатаму во оваа глава се дадени основните карактеристики на оперативната дејност и начините на дознавање на постоење на еколошки кривични дела.

Во четвртата глава насловена како мерките и оперативните криминалистичко-тактичките дејствија на откривање и расветлување на еколошките кривични дела се обработени оперативните дејствија кои се преземаат од страна на овластените службени лица при откривање и докажување на еколошките кривични дела. Обработени се теми како што е повикувањето за собирање на информации, утврдување на идентитет на лице, давање на наредби и предупредувања, стопирање и контролирање на лица, транспортни средства и багаж, ограничување на движење на одреден простор, контрола на документацијата, патролната дејност на овластените службени лица, употреба на полициското куче, заседата, употребата на средствата за присилба, тајното следење, потражната дејност, криминалистичките евиденции, утврдување на алиби, заседа и употреба на полиграф.

Во следната глава се обработени процесните дејствија во откривањето и докажувањето на еколошките кривични дела. Обработени се следните процесни дејствија: тактиката на вршење на увид на лице место, експертизата, претресот, посебните истражни дејствија, привремено одземање на предмети, тактиката на сослушувања како и финансиските истраги кај еколошките кривични дела.

Шестатта глава се однесува на улогата што ја имаат органите во превенцијата и репресијата на еколошкиот криминалитет. Претставени се улогите на Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Шумската полиција, Царинската управа и на чуварите на заштитените подрачја. Опишана е и улогата на невладините организации и на медиумите во превенцијата на еколошкиот криминалитет.

Последната глава од учебникот е посветена на значењето на меѓуинституционалната и меѓународната соработка во превенцијата и репресијата на еколошкиот криминалитет. Авторот ја опишува меѓуинституционалната соработка на главните институции кои што се задолжени да се борат против овој вид на криминалитет. Понатаму авторот продолжува со меѓународната соработка, а како посебно место на ова соработка зазема улогата на ИНТЕРПОЛ како соработка во борба против еколошкиот криминалитет.

**II Констатации**

Врз основа на погоре изнесениот опис на ракописот кој ни беше доставен констатиравме дека овој ракопис ги задоволува сите стандарди за труд од овој вид.

**III Заклучок**

Погоре наведените констатации упатуваат на заклучокот дека анализираниот ракопис (понуден како учебник под наслов „Еколошка криминалистика") од авторот проф. д-р Насер Етеми ги задоволува стандардите на учебник од оваа научна област.

Скопје, 01 февруари 2021 г.

Рецензенти

**проф. д-р Ќебир Авзиу, с.р.**

**проф. д-р Мухамет Рацај, с.р.**